ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР





Водич
за матурантите кои ќе полагаат државна матура

ДИЦ © 2026



Драг матуранту,

овој водич е наменет за тебе и ги содржи суштинските информации поврзани со полагањето на испитите по завршувањето на четврта година.

1 **Каков вид матура имаат право да полагаат учениците кои завршиле четврта година во гимназиското образование, стручното образование и уметничкото образование, како и учениците во средните училишта според меѓународна програма (ИБ), доколку сакаат да продолжат да студираат во земјата или во странство?**

- **Државна матура.**

2 **Каков вид матура имаат право да полагаат учениците кои завршиле четврта година во гимназиското образование, доколку не сакаат да продолжат да студираат?**

- **Училишна гимназиска матура.**

3 Дали ученик кој полагал училишна гимназиска матура има право да пријави и да полага државна матура?

Да, но од следната учебна година.

4 Од колку дела е составена државната матура?

Државната матура во средното гимназиско образование се состои од:

а) **задолжителен дел** (Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература, односно Српски јазик и литература);

б) **изборен дел**
- **изборен екстерен испит** (Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик, односно Математика);
- **изборен интерен предмет** (се избира од Листата на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во гимназиското образование, во прилог на Концепцијата)[1];

в) **проектна задача**.

1 Линк кон Листата на наставни предмети за изборниот дел на државна матура: http://www.matura.gov.mk/data_files/state_graduate/mk/4233_Prilozi_na_Koncepcija_za_Drzavna_Matura_2025_septemvri-1.pdf.



5 Кога се полага државната матура?

ЕКСТЕРНИ ИСПИТИ

Согласно Календарот[2] за организација и работа на јавните средни училишта во учебната 2026/2027 година, **екстерните испити** од државната матура во јунската сесија се полагаат во следните датуми и термини:

- **на 29 мај 2027 година, со почеток во 9:00 часот,** се полага **Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик,** односно **Математика;**
- **на 11 јуни 2027 година, со почеток во 9:00 часот,** се полага **Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература** односно **Српски јазик и литература.**

За кандидатите кои:

а) пријавиле, но од оправдани причини не полагале испит(и) во јунската сесија,
б) не положиле испит(и) или
в) сакаат да преполагаат испит(и)

се организира августовска сесија. Според тоа:

- **на 11 август 2027 година, со почеток во 9:00 часот,** се полага **Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Италијански јазик,** односно **Математика;**
- **на 13 август 2027 година, со почеток во 9:00 часот,** се полага **Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература,** односно **Српски јазик и литература.**

ИНТЕРНИ ИСПИТИ

Интерните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија, на предлог на соодветните училишни предметни комисии, и тоа:

- **во јунскиот испитен рок** – во периодот од 17 јуни до 25 јуни 2027 година;
- **во августовскиот испитен рок** – во периодот од 16 август до 24 август 2027 година.

2 Календарот за полагање на екстерните испити од државната матура го носи Министерството за образование и наука на РС Македонија. Тој се менува секоја учебна година.



Интерните испити се избираат од **Листата на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во гимназиското образование**, која е дадена во прилог на Концепцијата. Тие се следните:

1. МАТЕМАТИКА;
2. АНГЛИСКИ ЈАЗИК;
3. ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК;
4. ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК;
5. РУСКИ ЈАЗИК;
6. ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК;
7. ФИЗИКА;
8. ХЕМИЈА;
9. БИОЛОГИЈА;
10. ИСТОРИЈА;
11. ФИЛОЗОФИЈА;
12. СОЦИОЛОГИЈА;
13. ГЕОГРАФИЈА;
14. ИНФОРМАТИКА[3];
15. КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ;
16. ЛИКОВНА УМЕТНОСТ;
17. МУЗИЧКА УМЕТНОСТ;
18. МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА за учениците кои наставата ја следат на албански или на турски јазик или на српски јазик.

***** Предметот што си го избрал да го полагаш екстерно, не може да го полагаш и интерно.

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА

Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците **во јунскиот испитен рок се реализираат во периодот од 1 април до 11 мај 2027 година**, а за **августовскиот испитен рок од 16 август до 24 август 2027 година**.

Проектната задача претставува проучување на проблем што кандидатот го избира од еден или од повеќе наставни предмети или, пошироко, од образовните области. Проектната задача има цел да ја провери практичната оспособеност на кандидатите согласно испитната програма.

3 Се подразбира наставниот предмет Информатика со информатичка технологија (2+2 часа)

6 Каде се полага државната матура?

Државната матура се полага во голем простор, односно спортска сала, ходник, аула или амфитеатар на факултет. **За точната локација на полагање ќе бидете известени преку училишната матурска комисија на вашето училиште.**

7 Како треба да се подготвуваш за полагањето?

За секој матурски испит постојат испитни програми кои се достапни на веб-страницата на Државниот испитен центар: www.matura.gov.mk. Испитната програма за секој предмет се темели на наставните програми за сите години во кои се изучува тој предмет.

На погоренаведената веб-страница се достапни и други корисни материјали за наставници и ученици, кои помагаат во процесот на учење и подготовка:

- за мајчиниот јазик и за странските јазици има сугестии за подобри одговори на прашањата од делот Пишување;
- за проектната задача, покрај испитната програма, се достапни и примери на солидно подготвени проектни задачи;
- тестовите од изминатите години од екстерните испити на државната матура и клучевите за нивно бодување се објавени на www.matura.gov.mk.

8 Што треба да знаеш во врска со правилата на полагањето?

ПРЕД ПОЧЕТОК НА ИСПИТОТ

- НЕ СМЕЕШ да внесуваш телефони или други електронски уреди во просториите за полагање на денот на испитот;
- УМК на влезот во големиот испитен простор обезбедува место за оставање на мобилните телефони или други електронски уреди кои задолжително треба да бидат исклучени за времетраењето на испитот (на пр., кутија со ознака на испитната просторија);
- училиштето не сноси одговорност за телефоните или другите електронски уреди кои ќе бидат оставени за време на испитот во обезбеденото место;
- во испитната просторија треба да влезеш само со документ за идентификација (лична карта, пасош, ученичка легитимација, возачка дозвола), пенкала кои пишуваат сино и вода (ако ти е потребна);
- биди пристојно облечен/а на денот на испитот;
- задолжително биди пред означениот влез на училиштето или испитниот објект, според претходно истакнатиот распоред, најдоцна до 8:00 часот;
- штом ќе влезеш во испитниот простор, треба да го следиш лицето одредено од УМК до твоето место за полагање;

- провери дали твоите лични податоци се означени на клупата на која седиш;
- доколку мораш да користиш тоалет во текот на испитот, ќе бидеш придружуван од резервен тестатор или набљудувач до пред вратата на тоалетот и назад.

ВО ТЕКОТ НА ИСПИТОТ

- кога ќе слушнеш кратко ѕвонење во **9:00 часот** (прво ѕвонење) или сигнализација дека почнува испитот, започнуваш со читање на упатството на насловната страница од тестот.

ТЕСТОТ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ОТВОРА ПРЕД ВТОРОТО ЅВОНЕЊЕ;

- второто ѕвонење, во 9:15 часот, е сигнал да ја провериш исправноста на тестот (со прелистување на целиот тест). Доколку констатираш дека е во ред, започнуваш со решавање на тестот, во спротивно, со кревање рака, го информираш надгледувачот (тестаторот);
- листот за одговори (црвениот лист) чувај го во тестот;
- во случај да биде откриено дека имаш мобилен телефон, друг електронски уред или препишуваш за време на испитот, ќе се примени соодветна мерка, согласно Правилникот, водејќи сметка да не се наруши тишината;
- доколку се открие дека препишуваш и не сакаш да го напуштиш просторот каде што полагаш и ги вознемируваш останатите присутни кандидати, бидеш отстранет со помош на лицата задолжени за зачувувањето на редот (обезбедувањето).



ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ИСПИТОТ

- кандидатите кои завршиле со полагањето на испитот порано од предвиденото време, по предавањето на испитниот материјал, може да ја напуштат испитната просторија во кое било време, освен:
  - во првите 30 минути од почетокот на испитот;
  - во последните 15 минути пред крајот на испитот.
- испитниот материјал го предаваш со кревање рака сигнализирајќи му на надгледувачот (тестаторот) дека треба да се приближи и да го земе материјалот од тебе;
- мора да бидеш тивок при напуштањето на испитната просторија за да не им пречиш на оние кандидати кои сè уште не завршиле со полагањето.

9 Што ти е најстрого забрането?



НАЈСТРОГО СЕ ЗАБРАНУВА

- препишување од друг кандидат;
- дозволување сопствениот труд да го користи друг кандидат;
- размената какви било информации во врска со испитот;
- откривање на личниот идентитет на кој било начин;
- употреба на мобилни телефони, паметни часовници, хартија или други електронски уреди за време на испитот;
- пишување недолични, несоодветни или нерелевантни знаци, симболи или содржини на тест-книшката или на листата за одговори;
- задржување, сокривање или непредавање на целиот или на дел од испитниот материјал;
- несоодветно однесување (обид за прекинување на испитот, попречување на другите кандидати, упатување закани кон тестаторите или набљудувачите).

10 Што може да направиш доколку не си задоволен/задоволна од оценката?

Можеш да го/ги преполагаш испитот/испитите во следната сесија, но претходно треба да го/ги пријавиш испитот/испитите во твоето училиште. Во дипломата се запишува оценката од преполаганиот испит.

11 Што може да направиш доколку се сомневаш дека има грешка во оценувањето на твоите одговори во тестот?

Преку училишната матурска комисија, поднесуваш приговор најдоцна до три дена од денот на издавањето на резултатите.

Напомена: Во рокот се брои и денот на издавањето на резултатите. Со поднесувањето на приговорот имаш право и на увид во твојата тест-книшка откако ќе заврши разгледувањето на тест-книшките од предметната комисија за приговори. Повеќе информации за ова можеш да прочиташ на веб-страницата www.matura.gov.mk.

12 Што треба да знаат матурантите со попреченост?

Тестовите од испитите на државната матура се исти за сите кандидати. Но, полагањето на екстерните и интерните испити, како и на проектната задача, е приспособено зависно од попреченоста на кандидатот. Согласно Концепцијата, тоа изгледа вака:

- **Приспособување на просторот и условите за полагање на испитот**

Определување посебни простории за полагање. Доколку е потребно, може да се приспособи и опремата во просторијата каде што се полага испитот.

- **Ангажирање посебен асистент (тестатор) на испитот**

Кандидатот може да има личен асистент (тестатор) кој ќе му биде техничка поддршка за време на испитот.

- **Приспособување на времетраењето на испитот**

Времетраењето на испитот може да се продолжи најмногу за половина од времето предвидено за испитот по соодветниот предмет. Доколку е потребно, испитот може привремено да се прекине, но не повеќе од два прекина со времетраење од по 10 минути. Прекините не се вклучуваат во времетраењето на испитот.

- **Употреба на помошна технологија**

Кандидатите со попреченост кои користат специфични помагала во наставата може да ги користат и за време на испитите, како што се: полагање тестови со употреба на компјутер; машини за пишување на Брајово писмо; хартија со Брајово писмо; електронска тетратка и сл.

Напомена: Кандидатите со попреченост мора да ја наведат попреченоста во пријавата за полагање државна матура која ја доставуваат во училиштето, а училиштето ја проследува до Државниот испитен центар.



ДЪРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР









ДИЦ © 2026